**ОПШТИНА КАРПОШ**
**КОМИСИЈА**


МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11-7672/2
Датум: 03.10.2022

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), во врска со точка 2. Унапредување на здравјето на жената од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош" бр.23/2021 и 16/22и Решението за формирање Комисија за реализација на програмска активност-„Унапредување на здравјето на жената" бр.11-7672/1 од 30.09.2022 година, Комисијата за реализација за програмска активност објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за реализација на „Унапредување на здравјето на жената"**

1. Со цел реализација на програмската активност **„Унапредување на здравјето на жената"**, Комисијата за реализација на програмската активност распишува Јавен повик.

2. Целта на програмската активност е реализација на проекти од областа на здравјето на жената кои ќе вклучуваат активности поврзани со карактеристичните женски болести – едукација, советување, превенција и лекување. Целта на проектните активности е унапредување на здравјето на жената преку подигање на свеста за редовни лекарски контроли за зачувување на женското репродуктивно здравје како и активности за подигање на свесноста за важноста на менструалната хигиена. Проектите треба да содржат и активности кои се во насока на иницијативи за законски измени и стратегии кои се насочени кон подобрување на репродуктивното здравје.

3. Вкупната предвидена финансиска рамка за реализација на програмската активност е во износ од 100.000.00 денари и истата е предвидена во Буџетот на Општина Карпош за 2022 година.

4. Право на учество на повикот за за реализација на „Унапредување на здравјето на жената“ имаат сите заинтересирани правни и физички лица од државата кои се стручни од областа. Истите треба да доставaт барање до Општина Карпош со предложена програма и проектни активности. Кон барањето е потребно да доставaт:

- Програма на настанот
- Проектни активности
- Вкупен финансиски износ на чинење на настапот

5. Јавниот повик се објавува во електронска форма на веб страната на Општина Карпош.

Начин на пријавување: Заинтересираните можат да ги поднесат потребните документи до архивата на Општина Карпош.

Адреса: Општина Карпош, улица Радика бр.9, бараки број 1 и број 2.

Јавниот повик трае до исцрпување на средствата.

Комисија за реализација на програмска активност-Унапредување на здравјето на жената

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ